Република Северна Македонија
Министерство за транспорт и врски

Министерство за транспорт и врски
Проект за локални патишта за поврзување во РСМ

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**
**за достапност на документ и одржување на јавна расправа/видео консултација за документот**
**План за управување со животната средина и со социјалните аспекти (ПУЖССА) "Надградба на локалната улица „Коста Кирков", локалниот пат во н.м. Мелница, локалниот пат во с. Отишино и локалната улица „Ацо Шопов"", во општина Чашка во рамки на Проектот за поврзување на локални патишта во РСМ**

Во рамки на "Проектот за поврзување на локални патишта во РСМ" кој се реализира од Министерството за транспорт и врски со финансиска поддршка од Светска Банка, а со цел подобрување на локалната патна инфраструктура, Општина Чашка аплицираше со проект за "Надградба на локалната улица „Коста Кирков", локалниот пат во н.м. Мелница, локалниот пат во с. Отишино и локалната улица „Ацо Шопов"", во општина Чашка.

Согласно барањата на Светска Банка беше подготвен документ "План за управување со животната средина и социјалните аспекти" во кој се анализирани влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти кои ќе произлезат од реализацијата на проектот.

Документот "План за управување со животната средина и социјалните аспекти" ќе биде ставен на јавен увид на веб страните на:

Единица за Имплементација на Проект: https://wbprojects-mtc.mk

Министерството за транспорт и врски (http://www.mtc.gov.mk) и,

Општина Чашка (https://caska.gov.mk/ )

Вашите коментари може да ги доставите во рок од 14 дена од поставување на документот на веб страна.

Со цел презентирање на главните наоди од подготвениот документ "План за управување со животната средина и социјалните аспекти", како и запознавање со проектните активности Министерството за транспорт и врски заедно со Општина Чашка ќе организираат јавна расправа која поради ситуацијата со COVID 19 ќе се одвива преку видео конференција на ден 13 јуни (понеделник) 2022 со почеток во 11.00 часот.

**Министерството за транспорт и врски**
**Единица за Имплементација на Проектот**